Воспалителни состојби



# Алергиско воспаление на кожата (дерматитис)

## Важни работи

- **Избегнувајте да користите сапун за да ја миете кожата на детето**
- **Избегнувајте да користите пени за капење и да му ја миете косата на детето со шампон во кадичката**
- **Користете мали количини обично непарфимирано масло за капење во водата за капење**
- **Капете го детето секој втор ден ако кожата му станува сува**
- **Избегнувајте долго капење во жешка вода и нежно исушете ја кожата со благо тапкање**
- **Редовно нанесувајте средства за влажнење на кожата - sorbolene или крем на база на вода - на кожата на детето, особено веднаш по капењето**
- **Користете квалитетни пелени за впивање на влагата и редовно менувајте ги**
- **Бебињата треба да се вакцинираат како е вообичаено**
- **Специјалните начини на исхрана не се многу корисни кај децата што страдаат од воспаление на кожата**

## Што е тоа?

Алергиското воспаление на кожата (atopic eczema), кое често се нарекува и детско воспаление на кожата или само воспаление на кожата, е воспаление на кожата при кое се јавува сув, црвен осип при што кожата се лупи и кој обично многу чеша. Кај децата со потемна боја на кожата може да има повеќе модра или кафеава боја, а главна одлика може да биде грубата кожа. Понекогаш од осипот може да излегува течност или да се создаваат крастички. Обично се јавува кај мали деца откако ќе наполнат 2-4 месеци. Воспалението кај повеќето деца се подобрува како што детето расте.

Иако причината за оваа состојба не е позната, таа обично се среќава заедно со алергиските состојби на астма и на сенска треска. Постои поголема веројатност да се јави ваква состојба ако и други членови на семејството страдале од алергиско воспаление на кожата, астма или сенска треска.

## На кои делови од телото се јавува?

Алергиското воспаление на кожата се јавува кај малите бебиња. Често се појавува прво на образите, кои стануваат воспалени и суви. Кожата може да биде зацрвенета или, кај децата со потемна кожа, во нијанси на модра, кафеава, па дури и бела боја. Потоа може да се појави и на челото и на кожата под косата.

Како што детето расте, воспалението обично се јавува и на телото, како и на рацете, во превојот на лактите и на нозете, во превојот на

колената. Исто така може да се јави и околу зглобовите на рацете и нозете. Кај постарите деца поретко се јавува на лицето, но осипот може да се јави зад ушите и околу очите.

## Што го предизвикува?

Како што споменавме погоре, постои поврзаност со други алергиски состојби, но во повеќето случаи не е утврдено постоење на видлива алергија на никаква материја кое би го предизвикувало воспалението. Поголем број фактори може да ја влошат состојбата, меѓу кои спаѓаат:

• контакт со материи што надразнуваат или ја сушат кожата, како што се сапунот, прашоците за перење и шампоните
• студено време, кога кожата е склона кон исушување
• секундарни бактериски инфекции
• стрес

Иако многу луѓе се прашуваат дали нешто во начинот на исхрана може да ја влошува состојбата, кај повеќето деца е крајно тешко да се докаже дека некој одреден вид храна е причина за проблемот.

## Како се спречува и како се лекува?

### Работи што треба да се избегнуваат

• Триење и чешање, зашто со тоа осипот станува уште полош и уште повеќе чеша
• Сапуни, прашоци за перење и парфимирани производи, зашто тие ја исушуваат кожата
• Претерано миење со вода, зашто и тоа исто така ја исушува кожата
• Долго останување во жешка вода за капење или под жежок туш, зашто тоа уште повеќе ќе ја надразни и исуши кожата
• Претерано високи или претерано ниски температури
• Пердувести јоргани, зашто тие го загреваат детето и предизвикуваат јадеж на воспалените делови од кожата
• Носењето на алишта што боцкаат, како што се волнените алишта што доаѓаат во допир со кожата
• Директен допир со волнени ќебиња, ќилими и со овчи кожи

### Работи што треба да се направат

• Да се користи масло за капење место сапун за да се чисти кожата
• Редовно да се нанесува средство за влажнење на кожата, како што е sorbolene или крем на база на вода (aqueous cream), особено по капењето
• По капењето или туширањето кожата да се исуши со нежно тапкање, а не со триење
• Детето да се пресоблекува во топла просторија во текот на зимата
• Да се држи спалната соба свежа во текот на летото
• Да се носат лабави памучни алишта (или мешавина од памук и синтетика)
• Да се отстрануваат етикетите од алиштата
• Да се користат квалитетни пелени за впивање на влагата и редовно да се менуваат

Ако се работи за посериозен случај на алергиско воспаление на кожата, лекарот може да препише кортизон што се нанесува на кожата. Општо земено, кремовите или мастите што содржат малку кортизон се користат кога воспалението е активно, а кога ќе се смири, се прекинува нивното користење. Се продолжува со употребата на средства за навлажнување на кожата, дури и кога состојбата ќе се смири.

Ако воспалението се инфицира, можеби ќе биде неопходно да се користат антибиотици што ќе ги препише лекар. Антихистаминските сирупи може да бидат корисни против јадежот, особено ако тој се случува ноќе и поради него детето не може да спие.

Не е јасно каква улога има начинот на исхрана во лекувањето на воспалението на кожата, а кај повеќето деца резултатите од посебните начини на исхрана се многу разочарувачки. Иако не е штетно да се побара мислење во врска со начинот на исхрана, тоа мислење треба да го даде некој што добро се разбира во воспалението на кожата, како и во прехранбените потреби на малите деца.

**Натамошни информации**

Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Вашиот семеен лекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог.
Здружението за воспаление на кожата (Eczema Association).

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent’s Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.